АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 02-116/3
29 01 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14 и 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и 101/19), а во врска со точка 4, подточка 4.5./3) од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви („Службен весник на Република Македонија" бр. 187/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница донесе

# О Д Л У К А
## за износот на максималната каматна стапка при пресметка на математичката резерва

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува износот на максималната каматна стапка која друштвата за осигурување се должни да ја применуваат при пресметка на математичката резерва согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, за договорите на осигурување склучени после 1.2.2020 година.

### Член 2

Каматната стапка која се користи при пресметка на математичката резерва за договорите на осигурување склучени после 1.2.2020 година (во натамошниот текст: КС), треба да биде помала или еднаква од поголемото од следните две:

- 2% (во натамошниот текст: А)
- Помалото од:
    - 60% од просечниот тежински принос од вложувања на математичката резерва во последните 3 години (во натамошниот текст: Б);
    - 60% од просечниот тежински принос на вкупните вложувања во последните 3 години (во натамошниот текст: В);

односно, КС треба да ја задоволува следната формула:

$$КС \leq \max\{А; \min\{Б;В\}\}.$$

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Во Скопје,

На ден 29.01 2020 година

**Претседател на Совет на експерти,**

**д-р Крсте Шајноски**